За секого по сантиметар

На својот триесет и осми роденден се помочав в кревет. Не се сеќавам кога било претходно да сум го направил тоа, дури ни кога бев дете. Едноставно протече од мене. Станав свесен што сум направил дури кога добро го натопив душекот. Тоа беше првиот пат. Оттогаш, често ми се случуваше да мочам под себе. Но тој, првиот пат, се случи токму на роденденот. И тоа, веќе кажав, на триесет и осмиот. Деветнаесет години по деветнаесеттиот роденден.

Деветнаесеттиот роденден ме затекна во некое село. Тогаш беше нивно, денес е наше. Мое не беше ни тогаш ни сега. Никој немаше поим дека ми е роденден. Некако, не мислев дека е важно да го споменам тоа, иако за деветнаесеттиот роденден размислував како за посебен. Осумнаесеттиот требаше да ми биде оној преломниот, но не се случи ништо спектакуларно. Татко ми ми рече: „Сега кога си полнолетен, ако направиш некоја пиздарија, ти одиш в затвор, не јас.“ Најголемата „пиздарија“ што дотогаш ја имав направено беше понекое пиво повеќе, поради што потоа пеев на цел глас. Деветнаесеттиот роденден требаше да ми ја потврди зрелоста. Осумнаесеттиот е преценет. Имаш чувство дека си новороден маж, а со деветнаесеттиот веќе имаш некое искуство.

Единственото искуство со кое влегов во деветнаесеттиот роденден беше... стравот. Барем да дојдев порано, да стасав да се привикнам на луѓето, на околината и атмосферата. Ме облекоа само ден претходно, а ме соблекоа ден подоцна. Да, бизарно. Не се задр-

жав подолго од дваесет и четири часа. И тоа баш на денот кога наполнив деветнаесет години. Недоволно за да знам да се носам со емоциите што тогаш за првпат интензивно ги почувствував.

Првото на што се сеќавам беше чадот. Еднаш нешто слично видов на концертот на групата Sisters of Mercy во Љубљана. Пуштија вештачка магла од сцената, толку густа што не се гледаа ни бендот ни првите редови, каде што се туркав јас. Само се слушаше неподнослива бучава. Тоа воопшто не беше пријатно чувство, но сепак, тоа е концерт. Тука си затоа што сакаш да бидеш, никој не те присилил на тоа.

Уживаш во музиката, а истовремено чувствуваш неудопство. И замисли го сега чувството во тоа село, на мојот деветнаесетти роденден. Таму сум против својата волја, а наместо музика околу мене врескоци и офкања, одвај гледам прст пред око. Интересно е како човекот се справува во стресните ситуации. Јас во мислите си го евоцирав својот осумнаесетти роденден. Стојам среде кафуле и нарачувам тури. Стигнува пиво, вино, ракија. Јас сè плаќам, а друштвото наздравува. Се качувам на масивната маса од мермер, ги вртам дланките кон небото и во придружба на Sisters of Mercy ја пеам: „Dominion“, а толпата ме следи. Но, тогаш нечиј лелек ме одведува на сосема друго место. Сега одеднаш се гледам себеси покриен со таа мермерна маса, на која е напишан ист датум и различни години, со разлика од деветнаесет. Тогаш стравот одеднаш се повлекува и му прави место на бесот. Ако мислиш дека стравот го блокира разумот, треба да видиш што му прави лутината. Особено ако во рацете држиш моќ. Таа комбинација истовремено те претвора во натчовек и нечовек. Цело време во главата ги гледав броевите од мермерот: 19.11.1972 – 19.11.1991. Сè само единици и деветки, една седумка и една двојка. А кога ќе ги собереш единицата и деветката, седумка-

та и двојката, пак добиваш деветнаесет. Дури прикве-чер сè преброив.

Деветнаесет луѓе за деветнаесет родендени. Деветнаесет некролози на деветнаесет ѕидови, огради, влезови и столбови во градови што никогаш нема да ги посетам. Деветнаесет некролози што никогаш нема да ги читам. Деветнаесет дупки ископани во себеси, кои од тој ден се обидувам да ги затрупам.

Ги гаснев луѓето како свеќи. Потоа им ја соблекував облеката, како да одмотувам подароци. Доминантно и без милост. Лесно... полесно отколку по неколку пива пееш на сиот глас.

Не поминав ни јас евтино. Еден куршум ме пронајде. Недоволно. Деветнаесет спрема еден за мене, а не се чувствувам победнички. Можеби затоа што сè се случи пребрзо. Ти велам, бизарно е, дојдов ден претходно и заминав ден подоцна. Оттогаш, секој роденден повторно го доживувам тој деветнаесеттиот. Дланките ме печат, а рацете ми се тресат како да се обидувам да зауздам автомат во рафална стрелба.

И сега прашуваш зошто по толку години го направив ова? И тоа баш на роденденот? Океј. Разбирам, земаш плата за да поставуваш такви прашања.

Имено, еднаш се опивме по часовите. Некој извади линијар и рече да измериме на кого му е поголем. Јас измерив деветнаесет. Сешто ти паѓа напамет додека лежиш в кревет облеан од топлината на мочката, а знаеш дека тоа не е нормално и свесен си дека веќе не можеш да ги контролираш ни основните функции. Така и јас се сетив на својот деветнаесетти роденден, на деветнаесеттемина кои ги издував како роденденски свеќички и на тие деветнаесет сантиметри испружени покрај линијарот за техничко цртање зад Училиштето за бродоградба... и заклучив дека ќе ми олесни ако сето тоа одеднаш, на некој начин... го отсечам од себе.

Во првиот миг ми се виде правилно за секој убиен да отсечам по еден сантиметар. Размислував да ги наредам деловите во некој геометриски однос, да забодам во нив свеќички, и во таа пригода да искрвавам. Или одвоен од машкоста, повторно роден како жена, повторно да им се придружам на сестрите милосрднички и животот да го посветам на грижа за другите. Од тој миг да го славам својот нов роденден. Смешно е, но тогаш не ми падна на памет дека можеш да се помочуваш в кревет и со осакатен полов орган. Но на крајот се откажав од таа идеја. Не само што не можам да ги контролирам туѓите одлуки, како, да речеме, одлуката уште како дете да ме испратат во војна, туку не сум способен да ги контролирам ниту оние одлуки што по своја волја ги донесувам како зрел човек. Затоа го одбрав полесниот начин и со еден рез решив сè.

Докторе, како ти би ја нарекол таквата личност? Не знаеш? Ќе ти кажам. Сега барем кога еднаш годишно ќе се погледнам в огледало, можам со полно право да си речам: „Среќен роденден... пичко!“